**Прегледен труд**
**УДК: 305-055.2:2**

# БОЖЕСТВЕНАТА МАЈКА И КВАЛИТЕТИТЕ ЗА ВЛЕЗ ВО ПОВИСОК СТАТУС: МУДРОСТ, СИЛА, ХАРМОНИЈА, ПЕРФЕКЦИЈА

**Татјана Миљовска**
*Докторанд на Институт за македонска литература, Скопје, Македонија*

**Key words:** feminism, higher status, harmony, divinity, Divine Mother, unconditional love, ethics of care, eco-feminism

**Summary:** Patriarchy has created an evaluation system which keeps generating interpersonal relations and society systems based on discrimination. The core of the problem is disharmony between the female and male principle. The terms "man" and "woman" weren't built on experience of a deeper insight in the divine creation in which both principles are in harmony, intertwining and fusing on a higher level, but, rather on the construction of prejudice and projections.

Feminism shouldn't be understood only as a strive for liberation of the woman, but, also for liberation of man to access a higher status. The moral qualities such as care, unity, cooperation, solidarity, growth, rise, nourishment, protection, shelter, weave the new tissue of the texture in the relationships which are gaining larger and larger meaning. The acceptance of the ethics of care and the motherly ethic is a way to transform society, as well as to "release" nature of the merciless exploitation, so that it can let planet Earth transform into an agreeable place for living of the contemporary and the following generations.

**Клучни зборови:** феминизам, повисок статус, хармонија, божественост, Божествена Мајка, безусловна љубов, етика на грижа, екофеминизам.

**Резиме:** Патријархатот создаде вредносен систем кој постојано генерира меѓучовечки односи и општествени системи засновани на дискриминација. Во суштината на проблемот е дисхармонијата меѓу женскиот и машкиот принцип. Поимите „маж“ и „жена“ не се граделе врз искуството на подлабок увид во божествената креација во која двата принципи се во хармонија, во испреплетување и фузија на повисоко рамниште, туку врз основа на конструкција на предрасуди и проекции.

Феминизмот не треба да се сфати само како борба за ослободување на жената туку и за ослободување на мажот за влез во повисок статус. Моралните квалитети како грижата, заедништвото, соработката, довербата, солидарноста,

растежот, подигањето, негувањето, заштитата, закрилата, го ткаат новото ткиво на текстурата во односите кои добиваат сè поголемо значење. Прифаќањето на етиката на грижа и мајчинската етика е начинот како да се трансформира општеството, а и природата да се „ослободи“ од беспоштедната експлоатација, за да се преобрази планетата Земја во убаво место за живеење за овие и за следните генерации.




„Единствено Ананда што надоаѓа од Врвната Божествена Љубов може да го израмни јазот кој постои помеѓу највисоките висини на суприменталниот дух и најниските бездни на Материјата, Ананда која го има клучот на прекрасниот Божествен Живот и дури и сега од своите тајни предели го поддржува делувањето на секоја друга моќ во универзумот.“

Шри Ауробиндо

**Воведни забелешки**

Феминизмот како движење, теорија и практика, се роди од револтот против стереотипите на патријархатот и машката доминација, востановени како норми во општеството и беше комплементарно на левите политички движења и ориентации (револуционерниот социјализам), за да прерасне постепено во борба против какви било угнетувања – не само врз основа на родовата туку и етничката, класната или расната дискриминација. Денес тој прераснува во борба, не само за ослободување од експлоатацијата/потчинувањето и отфрлањето на нечија доминација на материјално/физичко ниво, не само освојување на сексуалната слобода која се става во корелација со ослободувањето

на умот, дискурзивноста, туку ослободување и во виталот и, најважно од сè, ослободување на духот, во битието, битствувачкото (психички-духовното битие). Борбата за слободата на жената прераснува во борба (за слобода) на мажот, бидејќи тоа е борба за да се воспостават нови односи меѓу луѓето, квалитативно издигнати на повисоко рамниште.

Бидејќи на самиот почеток на едно истражување се поставува прашањето која е темата или проблемот кој ќе се испитува, се решив тоа прашање да се однесува на духовните аспекти на феминизмот. Спиритуалниот или духовниот феминизам како алтернативна духовност е ориентација која многу му должи на културниот радикален феминизам како и на духовните струи во еколошкиот феминизам (Zahariević, 2001: 139-151). На пример, *биофеминизмот* се залага за принципите на новата „светска демократија“ (Вандава Шива) „која вклучува подеднакво вреднување на сите видови (човечки и нечовечки), на луѓето и на културите, сочувување на културниот и биолошко/ еколошкиот диверзитет и сочувување на локалната економија“ (Popović, 2001: 443). Феминистките како Карол Гилиган и Вирџинија Хелд се борат да ја пренесат етиката на грижата, од семејството и „женската“ сфера, во јавната сфера, поставувајќи ја во доменот на политичките, социјалните и глобалните прашања.

Моралните квалитети како грижата, заедништвото, соработката, довербата, солидарноста, растежот, подигањето, негувањето, заштитата, закрилата, негата, го ткаат новото ткиво на текстурата во односите кои добиваат сè поголемо значење. Друга заложба на овие струи е достигнувањето на една „човечност“, така што ќе се надмине сексизмот како и промовирањето на андрогинијата како решение за излез од патријархатот (Мери Дејли).

Развивањето на духовните аспекти на феминизмот ќе се разгледува во контекст на возобновувањето на духовното. Сметам дека колку е поширока рамката и колку е подлабока проникнувачката способност толку побргу се доаѓа до решението. Од друга страна, колку повеќе ни е стеснет видокругот толку повеќе бидуваме заробени во сопствените проекции, во сенките на симулакрумите кои си/ни ги проектираме/-аат на ѕидовите од пештерата во која сме оковани и осудени на движење само по една линија, во еден правец – една димензија. Се разбира и овој пристап има недостатоци исто како и премногу специјализирачкиот: на „универзализмот“ и „есенцијализмот“ како негативна страна им се забележува поништувањето на разликите. А тоа, пак, можеби, се случува токму

поради стеснетиот видокруг при специјализирачкиот пристап како позиција на набљудување од еден агол.

## I. Поимите „бог“ и „божественост“ и јазикот на патријархатот

„Револтот кај жената се јавува во вид на особен женски атеизам, денес актуелен во светот“ (Ќулавкова, 2003: 95). Веројатно, многу жени/феминистки, борејќи се против патријархатот, го отфрлија и „Бог“ како маскулинизиран поим, побргу одлучувајќи се да бидат атеистки отколку да веруваат во машкиот апсолут. Најчесто, Апсолут Бог е (означен со именка) од машки род. Секако, една именка/збор ако е од машки род, не значи дека и поимот што го означува е, исто така, (само) од машки род! Но ако се направи аналогија со *Тао* како врвен метафизички принцип, или „патот“, во таоизмот, се добива малку поинаков поим за Апсолутот, кога се означува со именка од среден род! И малку поинаква претстава за Апсолутот се добива, бидејќи во Тао постојат двата принципа во испреплетеност на едно трансцендентно ниво, но токму затоа во тој поим нема монолитност. Кога се поставуваат два збора/именки една до друга како *Бог* и *Божественост,* првата (сепак, именка од машки род) најчесто ни асоцира на монолитност, строгост (дисциплина), аскетизам, закон и правда, додека вториот поим – *Божественост* (именка од женски род) ни буди разиграност, ширење и движење во сите правци, буење. Кон Божествената Мајка чувствуваме блискост и ни носи закрила, смирување и **задоволство,** додека Бог Отец најпрвин ни буди страхопочит.

Поимите (јазикот), кои се оформуваат во едно општество што се развива под влијание на патријархалната религија, го носат белегот на одредена хиерархија од „вредности“. Во градењето на патријархалниот аксиолошки систем, разумот е на суверено место (а, пак, „роб на страстите“, според Дејвид Хјум), волјата за доминација и за моќ како „природни“ и „нормални“ нагони, законот на посилниот (социјален дарвинизам) неминовен и нужен, па следат: натпреварувачкиот дух и успешноста во градењето на кариерата како смисла на животот, насилноста што води кон (авто)деструктивност, војна и смрт, како „хигиена за човештвото“. Од друга страна, во тој систем, емотивноста, сензибилноста, симпатијата, довербата, најчесто се сфаќаат како слабости, пожртвуваноста и љубовта, великодушноста и добротворноста – неисплатливи, мирното решавање на проблемите и конструктивноста – привремени, социјабилноста, разбирањето, благодушноста, хуманоста, милоста – минливи, благодарноста, нежноста, сочувството, се сметаат за ирелевантни. Така, со репресивен

механизам на демонстрација на моќта се наметнува (и се очекува тоа да се прифати од целата заедница) одреден начин на размислување, односно одреден вредносен систем.

Во таа хиерархија на вредности, задоволството е (беше) тајно, бидејќи е поврзано со уживањето кое не би требало толку да го имаме во овоземниот живот колку што треба отаде, во задгробниот, или во рајот. Оттаму, еден аспект во бунтот на жената е поврзан и со задоволството од што произлезе искуството *jouissance* и „задоволството во текстот" на некои феминистки. Според една од нив – Лис Иригаре (Luce Irigaray), жената е (...) „метаболизирана од фалогократизмот. Додека она што се случува во уживањето на жените го надминува сево ова. Неопределено прелевање во кое ќе можат да бидат запишани голем број случувања. Полнотијата, ширината на нивното идно појавување се навестува, се најавува како можна, но во еден растеж, во едно ширење, без одредливи граници... Жената се однесува на **она што не може да се дефинира, да се наброи, да се формулира или да се формализира** (потцртано од Т.М.) ...Таа се идентификува со секое x, без притоа, со него да се идентификува на определен начин" (Иригаре, 2003: 123).

Според сликарот Казимир Малевич, битното, суштинското, *битието, себството,* е единечно, неусловено од што било, *бело постоење*, а манифестација на тоа е возбудата. „Сметам дека принципот и изворот на она што го нарекуваме живот е возбудата, која се манифестира во разни форми – како **чисто, несвесно, необјасниво, никогаш, ни на кој начин докажано дека навистина постои, без бројка, егзактност, време, простор...** (потцртано од Т.М) од втор степен на животот е мислата во која возбудата добива видлива состојба на реалното во себе, но не напуштајќи ја границата на внатрешното" (Маљевич, 1996: 5).

Мислам дека **возбудата** на Малевич е многу блиска на **jouissance во „задоволството во текстот"** или на **блаженство** од концептот СатЧитАнанда во Ведантата. Според Ведантата, концептот или таквоста на стварноста е трипартитна: СатЧитАнанда (Sachchidananda): *Сат* или **Постоење** е тоа што вистински е́, *Чит* или Чиста **Свест** е креативна самосвест; *Ананда* или **Блаженство, Светлина** на Духот е супстанцијата на сето постоење, тајниот извор и поддршката на сѐ што постои. Задоволство, блаженство, радост, или со еден збор – *ананда (delight, bliss),* се во самата структура на стварноста – како еден од трите аспекти на Сат-Чит-Ананда. Но тие како да се непостојни во патријархалното устројство, или, можеби, се первертирани, искривоколчени, или пак, скратени само за жената (или, можеби, е потиснато нивното женско видување и доживување). Според

Шри Ауробиндо, *Ананда* надоаѓа од Врвната Божествена Љубов. Некои нови вредности за кои жената – феминистка се бори и од кои се гради цел еден нов јазик, поинтуитивно и понепосредно нѐ водат кон *божествената љубов*, додека достигнувањето блаженство во нејзиниот живот му носи ослободување и на мажот и напредок на целата заедница. Така, тие вредности веќе стануваат општочовечки и за нив (треба да) се борат подеднакво и жените и мажите.

**II. Силата – инхерентна на Постоењето**

Во биполарниот концепт од машки /женски принцип во Ведантата: Шива-Кали, Брахман - Шакти, овие два принципа се во фузија или во интересно испреплетување, во божествена игра – Лила. Кога се објаснува Постоењето (Сат), тоа не се објаснува како празна небиднина, туку е тоа е нешто што се претопува во Сила. Мирувањето е во движење, а движењето во мирување. Не постојат апсолутни и крајни поларитети кои се во конфликт ниту пак се исклучуваат.

> Сето феномен – постоење се претопува во Сила, во движење на енергија која добива помалку или повеќе материјални, повеќе или помалку груби, згуснати или суптилни форми за себепретставување на своето сопствено искуство. Во древните претстави, со чија помош човечката мисла настојуваше овој извор и закон на битието да го направи разбирлив и реален за себе, тоа бескрајно постоење на Силата било сликано како море, море во мирување во својата внатрешност и, така, слободно од какви било форми, но коешто, со првото премрежување, првото воведено движење, изискувало креирање форми – тоа е семето на универзумот (Sri Aurobindo, 2005: 87).

Оваа прекрасна слика на примордијалното Постоење што се претопува во Сила, пред да добие некаква Форма, е *море во мирување кое, со првото премрежување – импулсот, креира форма.* Со алегоријата и симболиката на поетскиот јазик се претставени митот за постанокот и принципите на креацијата.

> Сите форми на Материјата за кои сме свесни, сите физички нешта до најсуптилните, се изградени со комбинацијата на петте елементи. На нив се засновани сите наши сетилни искуства: оти со примање на вибрацијата доаѓа сетилото за звук, во контакт со нештата на светот на вибрациите на Силата,

> сетилото за допир, со акцијата на светлината пролеана во формите, изложена, одржувана со силата на светлината и огнот и топлината, сетилото за вид, со четвртиот елемент – сетилото за вкус, со петтиот, сетилото за мирис. Всушност, сè е резултат на вибрантни контакти меѓу една сила и друга сила. На овој начин, древните мислители го премостија јазот меѓу чистата Сила и нејзините конечни модификации и ја решија тешкотијата која го спречуваше обичниот човечки ум да сфати како е можно сите овие форми, кои за неговите сетила се толку реални, цврсти и трајни, во суштина, можат да бидат само привремени феномени и нешто што егзистира како чиста енергија, нешто за сетилата непостојно, недопирливо и скоро неверојатно, а истовремено (истите форми) тие да може да бидат непроменливата космичка реалност (Sri Aurobindo, 2005: 88).
>
> Одговорот што најмногу бил прифаќан од умот на древните Индуси беше објаснувањето дека таа Сила е инхерентна на Постоењето. Шива и Кали, Браман и Шакти се едно и не две, тие се неодвоени. Силата инхерентна во постоењето може да биде во мирување или во движење, но кога е во мирување, таа ниту постои помалку ниту е укината, ниту е намалена или на кој било начин изменета во својата есенција. Овој одговор е така целосно рационален и во хармонија со природата на нештата што не би требало да се двоумиме да го прифатиме. Оти, невозможно е, бидејќи е спротивно на разумот, да се претпостави дека Силата била нешто туѓо и непознато на единственото бескрајно постоење, па некако влегла во него однадвор, или пак, била непостојна, па возникнала во него, во некој момент од Времето (Sri Aurobindo, 2005: 88).

Тука се алудира на односот меѓу машкиот принцип – Постоењето и женскиот принцип – Силата, кои се стопени во креацијата и градат хармонија во една динамика на повисоко рамниште. Може да се направи компарација со Богородица како женски принцип кој е надвор од целиот концепт на креацијата на христијанското Тројство и, така, чудно влегува во концептот на стварноста „од ништо“. Или библискиот мит за создавањето на Ева и подоцнежните толкувања (како на пример, од Апостол Павле), според кои, поради нејзиното „второстепено“ раѓање, таа е инфериорна и по таа логика, веројатно, се продолжува со Богородица која, иако е таа што ќе го роди Богочовекот, останува надвор од целиот „концепт“ на креацијата, надвор од

трипартитната структура на Тројството. Библискиот мит за Постанокот којшто, според Мике Бал (Mieke Bal), „нигде не зборува за првенството на мажот и неговото право да доминира, уште помалку пак за моралната корумпираност на женското тело“, потоа протолкуван од јудео-христијанството и исламот, преку т.н. синдром на „(…) *ретроспективна лага,* односно, проектирањето на еден полн лик врз *претходните елементи* кои водат до неговата конструкција“, ја „импутира подоцнежната мизогина идеологија“ (Бојаџиева, 2002: 196-197).

Единствено, благодарение на Богородица, угледот и статусот на христијанската жена е подобрен и таа „не е веќе проколната“. „За ваквата состојба, во голема мера, придонесува воздигнатиот лик на Мајката Божја – Богородица. Нејзината слава заблескала врз сите жени. Прокле од Константинопол, константинополски архиепископ (434-46), оценува дека *преку Марија,* сите жени се благословени. Тој истакнува дека жената не е веќе проколната, бидејќи нејзината *раса* сега има сè што е потребно да се надмине дури и славата на ангелите“ (Јакимовска-Тошиќ, 2017: 107-123).

Неантропоморфни, апстрактни, архетипски, архаични поетски претстави, богати со симболика, се космологиските претстави и првите импулси на создавањето според Ведантата. (Јунг тоа ниво го нарекува *психоид – архетип како таков* од каде што изнурнуваат сите архетипски слики, симболи и претстави.) Тие, дури, се и претстави кои проникнуваат до некои појави и процеси, кои многу подоцна ќе ги открие и западната наука (квантната физика). Научници-физичари од Западот, во минатиот век, ќе дојдат до откритија кои древната мудрост на Ведантата одамна ги има опишано со својот филозофско-поетски јазик! Каква врска има сето ова со духовните аспекти на феминизмот и, воопшто, со мојата тема? Има многу врска со начинот како се создаваат поимите и претставите (за светот, за постанокот, за генезата, за човекот, за животот, за мажот и жената), имаат врска со јазикот како акумулатор на духовното, во источната култура и/или во западната култура. Еве, уште еден опис на Силата инхерентна на Постоењето:

> Но бидејќи Силата е така инхерентна на постоењето и во природата на Силата е да се има оваа дупла или наизменична потенцијалност на мирување и движење, односно на себеконцентрација во Силата и себе-дифузија во Силата, прашањето „како“ за движењето, односно за неговите можности, иницијативни импулси или причини кои го

> поттикнуваат, сега нема да го поставиме. Тогаш можеме лесно да разбереме  дека овој потенцијал мора себеси да се преведе или во наизменичен ритам на мир и движење кои следуваат едно на друго во Времето, или, поинаку, како вечна себе-концентрација на Сила во постоење што не се менува од играта на движењето на површината, од менувањето и формирањето и наликува на подигањето и спуштањето на брановите на површината од океанот. И оваа игра на површината − ние, секако, се изразуваме со неадекватни слики − може да биде со концентрација во себеси и самата, исто така, вечна, или може да има почеток и крај во Време и да продолжува со некој вид константен ритам: тогаш не е вечна во својот континуитет туку е вечна во постојаното и во повторното јавување  (Sri Aurobindo, 2005: 88).

## III. Влијание на патријархатот во формирањето на филозофските поими

Во филозофијата на Ведантата (и во интегралната јога, низ визурата на Шри Ауробиндо како современ толкувач на Ведантата) е прифатен концептот на три тела и плус психички − духовно битие. Кои се овие три тела? Ако се согласиме со  дефиницијата дека тоа што се состои од компоненти е *тело,* како појава, феномен, а тоа што не се состои од компоненти, битствувачкото, неусловено од што било, како ствар по себе, е *битие*, тогаш физичкото тело, виталот и менталот, се тела. Бидејќи и физичкото тело и виталот и менталот се составени од компонети, не се единечни. Значи, во оваа смисла, и умот како *ментал* што се компонира и се декомпонира, исто така е „тело“. Само она единечното, битствувачкото, не составено од компоненти – битието, не е тело, врз основа на оваа дефиниција.

Во таа смисла, дуалистичкиот концепт материја – дух (или тело – ум) е симплифицирана разлика која води кон исклучување. Телото (физичкото, материјалното?) често се поврзува со природата и со женскиот принцип, а умот (битието, духот?) со културата и со машкиот принцип. Со телото (физикалноста?) е поврзана сексуалноста (анималноста?), со умот (духот?), трансцендентноста и универзалноста (духовноста?). Целиот концепт не обезбедува успех во претставувањето на стварноста, бидејќи стварноста не е така круто дуалистичка. Кога нема поврзување, испреплетување, флуид, игра на природата и културата и фузија (што се обезбедува низ *виталот и низ еден многуслоевит, повеќедимензионален Ум,* кои недостасуваат во

нашите биполарни претстави за стварноста), следи расцеп, конфликт и исклучување.

Значи, освен што умот строго не се изедначува со духот (или битието), во Ведантата тој (обичниот ум) се смета за едно од трите тела (покрај физичкото тело и виталот). Според Шри Ауробиндо, во Ведантата се разликуваат барем три нивоа на умот: обичен ум – Mind, надум – Overmind и гносис или Supermind, Gnosis. Поимот Надум е близок до она што ние го нарекуваме Интуиција (поим од женски род?). Додека, пак, Gnosis е ниво за кое ние луѓето не можеме да имаме ниту претстави ниту поими, значи тоа искуство може да биде само директно и не може да биде *јазик* (бидејќи за јазик се потребни означувач и означено – *две*, а овде нема две туку *едно*). Најблиску до Gnosis, и пак, никогаш не знаејќи колку сме блиску, сè додека не сме во *директно искуство*, сме преку *Интуицијата*!

> Можеме, конечно, да заклучиме дека нешто е многу погрешно во самата структура на филозофијата, токму во самите основни начела како филозофот ги креира основните поими и своите поими на ликовите. Но во истата филозофија, во која нешто многу силно не чини, можеме да најдеме лек. Жената е, на крајот од краиштата, токму тој лек за филозофијата, за историјата и за целата цивилизација, воопшто (Bahovec, 2001: 116-117).

Човекот денес има насушна потреба да ги открие и да ги реафирмира вредностите кои беа занемарувани и потиснувани во филозофијата, во историјата и во целата цивилизација на патријархатот. Човекот има потреба да го надополни изгубеното. Тој процес ни отвора нови димензии, богатство од нови аспекти во нашиот живот, нови длабочини, нè ослободува, ни отвора нови пространства, добива разни форми, изблици, бара патишта да се избие – револуционерни и бурни, или тивки и скриени.

## IV. Митот за пештерата

Реинтерпретацијата на митот за пештерата, која го изложи феминистката Лис Иригаре, во своето дело *Спекулум на другата жена,* може да ни даде одговор на многу загатки ако се стави во контекст на четирите димензии опишани од Пјотор Успенски, во делото *Tertium Organum* и Четирите статуси на Шри Ауробиндо, опишани во неговото дело *Божественниот живот.*

Според описот на заробениците во пештерата, тие се оковани во синџири со главите и гениталиите свртени само во еден правец, „кон она напред, она спроти... Врзани со синџири кои ги спречуваат да се свртат кон потеклото, но/и заточеници во просторот-времето на проектот на неговото претставување“ (Иригаре, 2003: 137). Значи, тие се отсекогаш таму, во таа „пештера“, и се движат само по една линија, линеарно, гледаат само напред, во следната точка што се наоѓа пред нив, дури, не можат да видат малку подалеку и од таа следна точка, односно линија. Тие суштества живеат во прва (една) димензија, на линија (Успенски). Не гледаат ни лево ни десно, ни назад (во потеклото) туку само напред во екранот, ѕитчето кое е како копрена, кое не можат да го преминат – ограничувањето во првата димензија. На тоа ѕитче, се проектираат слики-претстави од оние другите, полукави и понапредни, исто така, заробени во пештерата – суштества кои живеат од другата страна на ѕитчето-копрена и, кои, сепак, разликуваат две димензии. Тие ги манипулираат првите и управуваат со нив. Овие се нивни робови. Но и второве не се слободни, бидејќи не можат да гледаат одгоре, ниту оддолу, немаат висина, немаат длабочина, бидејќи немаат трета димензија. И тие се изманипулирани, но од сопственото незнаење, од немањето увид во третата димензија. Во втората димензија, според Успенски, нема геометриски тела, волумени, туку само површини. Кога некое тело-волумен ја сече втората димензија, секогаш се добива линија, или права, во визурата на овие суштества. За суштествата од втората димензија не постои волумен, туку само површина, екран. Големото чудо, фасцинацијата со проекциите на екранот – симулациите, е како Божество за суштествата од првата димензија, фетиш со моќ кого што го обожаваат, бидејќи е недостижен премин во втората димензија – површината, територијата.

Ако се направи паралела со Четирите статуси на Шри Ауробиндо, веќе добиваме многу појасна слика и толкување на овој така интерпретиран мит за пештерата. Првиот статус е примордијалниот мрак, каде што владее пасивност и инертност (во првата димензија „врзани со синџири кои ги спречуваат да се свртат кон потеклото“), во вториот статус владеат предаторски односи, алчност и агресивност (да се поседува површината, територијата и да се држи во ропство остатокот од светот), тука законите се направени за да го штитат посилниот (во физичка смисла) и полукавиот (би додала). Во третиот статус веќе се

појавува светлина и Сонце (што во пештерата само се насетува оддалеку, но никогаш директно и јасно не се гледа), значи се јавуваат нови односи меѓу луѓето – заемна соработка наместо натпревар; сочувство, емпатија, грижа наместо насилство и елементи на љубов. Во третата димензија, се гледа појасно, бидејќи нештата може да се набљудуваат и „одгоре“ и „оддолу“ и од безброј други агли, низ безброј дискурси или аспекти на стварноста, како диверзитет и богатство, плуралност во слоевитоста на креацијата. Додека четвртиот статус е духовен статус, каде што владее безусловна љубов и духовно знаење.

## V. Историското време на дискриминација на жената vs „златното“ митолошко доба

> Таа јаболка е мал свет за себе, чие семе потопло од другите делови, шири топлина околу себе, која го чува нејзиниот глобус; и според тоа, тој никулец е мало сонце на тој мал свет кој ја грее и храни вегетативната сол на таа мала маса (Сирано де Бержерак).

Клучно е да се влезе во повисок статус – во третиот статус и да се создадат услови за вистинско ослободување на човекот (четврти статус, четврта димензија). Веројатно, за таа цел, ќе треба да си ја објасниме причината која доведе до големата дисхармонија во човештвото, а особено меѓу двата пола, ако некогаш воопшто постоела исконска хармонија, во некое златно митолошко доба. Бидејќи вечните вистини на Ведите потекнуваат од *времиња* (митолошкото Златно доба?) кога човештвото сѐ уште не било заразено и загрозено од полова (и каква било друга) дискриминација! Во таа смисла, може да се спомне и делото *Gino/ Ecology* на феминиската Мери Дејли и нејзината потрага по исконската женственост и женскиот идентитет од времето *illo tempore*.

Жената во митолошкото *Златно доба* (матријархатот?) е јадрото на семејството. Таа го создава амбиентот во домот. Тој амбиент зрачи со топлина и љубов, духовна сила и храна за сите членови во семејството. Навистина, автентична женска креација е *амбиентот*! Можеби жената со раѓањето деца потполно се реализира со тој *креативен чин,* а, понатаму, грижата за децата, нивното воспитување, ја окупираат сета нејзина енергија и сила. Собата, домот

е нејзиниот свет. Од друга страна, мажот историски се формирал како социјално и културолошко битие (надворешниот круг); жената била повеќе природно битие (во внатрешниот круг), ако мора да се направи една таква дистинкција. Таа ориентација „кон внатре“ развива инстроспективност и знаење за внатрешните светови. „Моќта на жените се огледа и во нивната клучна улога во пренесувањето на верата преку семејната и општествената сфера на живеење. Жената е длабоко религиозно суштество, а својата предаденост кон верата ја црпи од интимното спознание и поврзаноста со божественото“ (Јакимовска-Тошиќ, 2017: 107-123). Во креацијата на жената специфика е ткаењето и везот, како метод за средување на примордијалниот хаос во ред. Со фини нишки од чувства и средени импресии, низ фузија на петте елементи, во тој мал свет меѓу четирите ѕида!

> ТАА е нишката низ лавиринтот во кој загубената заедница не можела да го најде излезот без неа. Таков е патот по кој ТАА стигнува до себеси. ТАА обитува таму каде што секое тело почнува да го бара она што некогаш го изгубило. Не се плаши да тргне во потрага на изгубеното себе во Другиот. Ја боли, но не нејзината рана и нејзиното умирање, туку раната и смртта на заедницата. ТАА е мртва само доколку се усмрти заедницата. И тешко кој може да ја разбере во целата сеопфатност ваквата нејзина раскрилена прегратка. Тешко кој може да ги разбере политиките на пријателството, што ТАА ги воспоставува помеѓу раѓањето и умирањето. ТАА плови низ сопственото анти-време со корабите кои ги гради со својата лирска храброст, станувајќи невидлив кормилар на разумот и угодноста на неугодното во културата, на радоста во тагата, на раѓањето во смртта, на љубовта во омразата, на храброста во кукавичлукот, на говорот во тишината, на здружувањето во раздруженото, на траењето во миговноста (Гешоска, 2018).

Но зашто таа хармонија, внатре-надвор, жената во внатрешниот свет, а мажот во надворешниот свет, се наруши и како почна дискриминацијата? Уште повеќе, од каде таа дури и омраза кон жената, нејзино третирање како суштество од втор ред во заедницата? Таа дури била прогласувана за неинтелигентно битие, неспособно да се служи со разумот! А, во какво суштество имала шанси да се развие, кога со векови ѝ било скратувано правото на образование (па и ден денес е така, на многу места во светов!) и ѝ биле наложувани строго

утврдени функции: прокреативни, да се грижи за домот и за децата, за старите лица итн.?

> (...) евидентно е дека човештвото во своето „рано детство“ било свесно за еднаквоста на половите, и веројатно, таа еднаквост во предисториската култура постоела и во практиката, како што постои донекаде и во некои денешни примитивни култури. Спорно е прашањето зашто дошло до нарушување на оваа хармонија, нарушување кое, сепак, не е во согласност со човековата природа, и зашто толку тврдоглаво опстојува со милениуми до денешен ден. (...) Евидентно е дека со напредокот на цивилизацијата, човекот почнал да се одвојува од природата, почнал да ја чувствува како нешто туѓо и непријателско, и тоа изгледа ја запечатило судбината на жената, и таа, од почитуван носител на најсветата мистерија на природата – создавањето живот, станала нешто туѓо, нечисто, некакво „нужно зло“ кое е потребно само за одржување на видот“ (Јачева – Улчар, 2002: 156-157).

Се претпоставува дека тоа се случило со „неолитската револуција“, со која човекот од номадски живот, слободно движење и неврзување (непоседување) за земјата, преминал во земјоделскиот живот, кога оградил територија и рекол: „ова е мое“, па како земјоделец ги зголемувал обработливите површини и ги сечел шумите...

Евидентна е високата цена која човекот ја плаќа заради задушување на елан виталот – отуѓувањето од природата во корист на „прогресот“ и „цивилизациските придобивки“. Во тој историски процес (и, би рекле, премин од природата кон културата) како најголема жртва сè повеќе станува менталното и психичкото здравје, а „вината“ за сите проблеми во патријархатот се проектира во жената. Но, ако токму психичкото здравје (кое е услов на секое друго здравје – на виталот, на умот и на физичкото тело) и хармонијата, се прифатат како приоритети во семејството и во општеството, потребни се мир и тишина за контемплација, за средување на хаосот (првиот статус, примордијалниот мрак), нитка по нитка, за уредување на *внатрешниот простор, домот,* во кој постојано се вградува безусловна љубов. Ако сè се одвиваше како што треба (значи, во тоа *Златно доба,* како синоним за идеален имагинарен нормативен концепт), пред сè, ако оваа духовна димензија беше разбрана од

другите членови на семејството и заедницата, како што во стварноста и во историското време не се случи, сатисфакцијата од безусловната љубов ќе беше духовната полнота (четвртиот статус – безусловна љубов и доближување до духовното знаење).





Виолета и Вера Чаповска, *Жените во моето семејство*, од изложбата *Семејство* во Чифте Амам, 2011

Ако се вратиме на идејата за јадрото-амбиент во домот, денес, откако жената се избори за своите права, образованата жена, ќе биде уште посилно и покреативно јадро во семејството, видиците се прошируваат, па и дострелите на сите членови на семејството. Универзалните вредностите во меѓучовечките односи кои како систем на вредности беа занемарени во патријархатот како грижата, сочувството, емпатијата, топлината, соработката, солидарноста, нежноста, суптилноста, интуицијата, разбирањето, довербата, несебичноста итн., преку клетката *семејство,* пошироко ќе влијаат врз преобразбата на општеството, за влегување во повисок статус, во похумано општество, општество во кое ќе се врати достоинството на човекот, ќе се води грижа за околината, за видовите, за целата планета... Бидејќи „...сè е резултат на вибрантни контакти меѓу сила и друга сила“, кога оваа сила зрачи од јадрото, брановите носат нов квалитет!

Можеби Абориџините во Австралија сè уште живеат во тоа време, пред жената да биде дискриминирана, значи пред времето на класните поделби, пред мажот да стана фактор на моќ, супериорен како во општеството така и во семејството. Тоа е така, можеби затоа што Абориџините не развија потреба за поседување (земја), себичност и посесивност, пак заради блискоста со природата и земјата. Кај нив не се прекина таа нишка, тој контакт со планетата Земја. Затоа сите

нешта кај нив имаат душа и се мали и големи светови, како концентрични кругови, без да се јадат и уништуваат меѓу себе, да се убиваат и мразат, да се делат и на крај да не можат да се смират, бидејќи не можат да ги остварат сите свои желби, туку да коегзистираат некако налик на овие светови-кругчиња од сликата *Ceremonial ground at Kulkuta*, на абориџинскиот уметник Anatjari Tjampitjinpa.



Anatjari Tjampitjinpa,
*Ceremonial ground at Kulkuta*, 1981

## VI. Божествената Мајка и безусловната љубов

Повторно се доаѓа до увидот дека клучниот проблем е во нагонот за поседување (територија) и цела свита „вредности" кои го следат, што е карактеристика на вториот статус. Негација на тој нагон е љубовта, особено безусловната љубов. Ако ја анализираме безусловната љубов на мајката, можеби ќе научиме кои особини треба да ги развиеме за да напредуваме духовно и за да влеземе во повисок статус!

> Некое внатрешно чувство ја прави мајката способна за највозвишена великодушност и самопожртвуваност. Тоа не е разголен, налудничав хероизам, кој не служи ниту за натрупување пари, кои се главна општествена вредност; ниту за стекнување на каква било привилегија која денеска го обележува севкупниот начин на живеење. Мајчинската жртва е безусловна и таа останува константа низ целиот познат историски тек како витална вистина. Мајката е таква затоа што чувствува и верува дека она што го прави за своите деца е природно и правилно (Мојсиева-Гушева, 2013:71-83).

Всушност, сите големи напори на човекот како да се натрупуваат на таа линија „за премин“ од втор статус, каде што владеат предаторските односи кон третиот статус, каде што (треба да) владеат други односи – солидарност, разбирање, грижа и емпатија. И елементи на љубов. Патем, за да спознаеме какви вредности треба да развиваме во третиот статус, односно за да не бидеме повлекувани назад во претходната состојба, треба да добиеме инспирација од четвртиот статус. Тоа е духовниот пат.

Духовниот пат е спознавање на безусловната љубов. Љубовта е врвен аспект на Божественоста, но таа сè уште, за жал, не може непречено да се манифестира на Земјата поради доминантниот статус. Според Шри Ауробиндо како предуслов за да влезат во сила Љубовта и Ананда, потребно е четирите аспекти на Божественоста (Божествената Мајка или Мајка) да се востановат, да се хармонизираат и слободно да се манифестираат на Земјата. Четирите аспекти се: Мудрост, Сила (духовна), Хармонија и Перфекција[1] во сè. Сè додека нема поддршка од нив, нема основа за моќната акција на Љубовта да дејствува, а нашиот свет и понатаму ќе биде полн со незнаење (неукост, игнорантност), од што произлегуваат агресијата и повредувањето. Љубовта и понатаму е главна движечка сила во нашиот живот, но таква како што ја живееме, таа е прекршена од Изворот онолку пати колку што имаме слоеви (од разни идентификации) обвиткани околу нашата суштинска природа (телата како феномени). Со процесот на самоспознанието, ние правиме проникнување низ тие слоеви, стекнуваме знаење – Мудрост и Сила и започнуваме живот во согласност со нашето внатрешно битие – Хармонија, што ги развива нашата креативност и Перфекцијата како во секојдневниот живот така во работата, во односите со луѓето и со средината и, воопшто, со целиот диверзитет. Овој процес на „центрирање“ во нашата суштинска изворна природа, односно, во Љубовта, трае целиот наш живот.

Безусловната Љубов е став кон животот, кон планетата, кон сите видови, кон сите култури, кон човекот, кон божественото. Оттаму, етиката на грижата и мајчинската етика... Оттаму, во интегралната јога, вистински напредок на духовниот

---

[1] Четирите аспекти на Divine Shakti, Mahashakti или Mother: Maheshwari – Wisdom, Mahakali- Strength, Mahalakshmi –Harmony, Mahasaraswati – Perfection (Sri Aurobindo, *The Mother,* Pondicherry: Sri Aurobindo Ashram Press,1992, 26-62).

пат, длабинско преструктурирање се случува кога аспирантот потполно заживува со/во Божественоста, во нивото на Надум или Интуиција.

Би рекла дека Божественоста, Надум, Интуиција, го означуваат истото, во разни аспекти на она што ние, од Западот, му го дадовме името, Идеал. Божествената Мајка е интуитивно спознание (на креативниот принцип) и Надум. Интуиција е проникнувачка способност во Надум и Мајка на сите нешта. Надум е поле на милост, сочувство, убавина, љубов – карактеристики на Божественоста и интуитивна врска со Креацијата. Креативниот принцип како Идеал е Полето на Интуиција, Надум и Мајка. Меѓу ова, сепак достижно ниво за човекот и Gnosis се распостила копрената – Маја и се одвива космичка игра, Лила. Местото каде што умот и Supermind (Gnosis) се сретнуваат со копрена меѓу нив е Полето во кое треба да се востановиме. Тоа поле е Надум (Overmind) или Интуиција или Божественост.

Битно е човекот суштински да го промени својот однос кон Креацијата, да живее со креацијата однатре, значи во изгубениот рај на Земјата. Божествената Мајка е димензија на бескрајна широчина која го укинува правото на(д) Вистината како ексклузивитет. Монолитноста води кон тоталитарност, бидејќи „ниеден закон не е апсолут“. Мајка значи бескрајна Хоризонтала, која овозможува изнурнување на Вертикала од доблести однатре во секое битие, на негов сопствен начин во отвореноста кон Идеалот. Не „Вертикала“ на некаков апсолутен закон кој мора да се наметне над сите. Можеби и такво нешто постои, но не на таков начин каков што ние го замислуваме и го поимаме. Сите сме еднакви во своето обожавање на Божественото. Божественоста значи сочувство, емпатија и љубов, сеопфатност, прифаќање, разбирање, соработка, а Gnosis е, сепак, секогаш отаде нашите достигнувања и отаде сите наши дефиниции, мудри идеи и јазични артикулации! Не, во смисла на нешто неспознајно, не, во смисла дека ние треба да се прогласиме за агностици, туку само во смисла дека Тоа не може да се присвои како апсолутно наша и единствено наша Вистина, па така, не, „нивна“, не, на „другите“ – голема заблуда која низ историјата на човештвото беше многу често повторувана и сè уште се повторува.

**Заклучни согледби**

ТАА не копнее по безбедност – ТАА копнее по целосно предавање, по длабоко искуство на другоста од кое љубовта е исткаена. Токму затоа

жената ги измислува ризикот и авантурата како одбрана на љубовта од комфорот и сигурноста. Бидејќи тие водат кон нејзината смрт. (...) А ТАА на смртта ѝ се спротивставува токму со љубовта. Љубовта за неа е единствениот капицик низ која поројно се нижат приказните, историите, толкувањата. Непрегледна низа на она што е и на она што би можело да биде (Гешоска, 2018).

Револуционерното будење што се случи во западниот свет во шеесеттите и во седумдесеттите години од минатиот век имаше обединето три големи социјални движења: феминизам, нова левица и еколошките движења. Овие движења се комплементарни и претставуваат исход од насушната потреба, човекот да развие квалитативно нови односи и ново општество, да премине од вториот во третиот статус. Но, ако и овие движења, теории и практики, станат жртви на идеологијата која живата идеја ја заробува, ја петрифицира, во крут концепт, па така, тие ги изгубат флуидноста и повеќедимензионалноста (значи, би рекле, ако недостасува духовно фундирање), тие се слизнуваат во слепа улица. На пример, слепата улица кај дел од третиот бран на феминизмот е и губењето на револтот кај феминистките од Првиот свет кои како да ја изгубија желбата за борба за правда и рамноправност, пошироко во светот (во Третиот свет). Кога недостасува духовна димензија на движењето, неретко се завршува со консумеризам. Тоа, од друга страна, резултираше со појава на нови феминистички теории – мултикултурализам и глобален феминизам. Веројатно, по некоја навика, поради историскиот материјализам кај левица, а кај феминиските одбивноста кон маскулизираниот поим „Бог“, не се излегува од стереотипот и предрасудата за духовното. *Духовното*, пред сè, во новата ера, во која се влегува, е возобновување на елан-виталот (суштината на длабоката екологија и на биоетиката) и развивање на расудувачки способности на здравиот разум за јасно разлачување на битното од небитното. (Патем, „духовноста“ веќе е асимилирана од wellness and healthcare-консумеризмот и станува многу профитабилен бизнис!)

Уште една дилема се поставува: се поставува прашањето дали сексуалноста треба да биде доминантното рамниште за себеразбирање на феминистките? Бидејќи на прв поглед изгледа дека е така! Евидентен е амбивалентниот однос кон теоријата на Фројд: ем се чувствува обземеност од неа ем голема одбивност. Пак, да се послужам со древната индиска мудрост: човекот (жената и мажот) во себе има седум енергетски нивоа кои одговараат на седум центри (чакри) означени со седумте бои (три долу, означени со топлите боите,

три горе, означени со студени бои и една во средина, Анахата или срцева чакра, означена со зелено-тиркизна боја), а постојат уште и две други, над сите овие, означени со златна и бела боја. Само првата чакра е сексуалноста (означена со црвената боја). Исто така Еросот главно се манифестира како „зрачење“ од првите три чакри, додека, во следните нивоа владее Агапе. Можеби сексуалноста е епицентарот кога енергијата се движи удолу, но и друг „центар“ постои кога енергијата се движи угоре. И трет центар се добива кога тие две движења (удолу симболички претставено кон Земјата и угоре кон Небото) се сечат во Средиштето – Срцето. Како се движи енергијата тука и кон кој центар? Бидејќи истата енергија која донесува задоволство на смирена радост, ослободување, може да предизвика пад, деградација!

> Платон ... всушност ги дава степените на издигнување на свеста, добро позната во индиската филозофија како издигнување на *кундалини* – божествената енергија која како склопчена змија клечи, скриена во `рбетот на човекот. Тоа е „змијата“ која ја краде билката на бесмртноста на *Гилгамеш,* истата онаа што го предизвика падот на Адам и Ева*,* во светот на спротивностите, но и онаа која го чува нектарот на бесмртноста *„амрита“ (...)* Така, во сите култури, Ерос е патот, скалилата од поединечното и одвоеното, кон севкупното и сеопфатното. Љубовта е врховна алхемија на преобразбата од глад во ситост, од одвоеност во обединување, од врзаност за потребите во слобода, од огнот на телесното во трансцендентната светлина на знаењето, од ограниченото во бескрајното, од Кама во Шива или од ерос во божественост, од смртта во бесмртноста (Камџијаш, 2016: 206-209).

Дали спомнатите социјални движења, можеби се ограничуваат на ослободување на материјален план (би рекла, во првите три нивоа, чакри)? Оти, ако нема ослободување и во духовна смисла, тоа е непотполно? Но и да се изборат за слободата и потполно да се укине експлоатацијата по секоја основа, па дури и да се укине монетарниот систем и сите ресурси на планетава да се прогласат за наследство на човештвото, доколку човекот не ја реализира духовната полнота и понатаму ќе остане неслободен, заробен во нова идеологија на технократи, на други „нови елити“ итн. Значи, вистинско будење е потребно повеќе отколку идеологијата!

Но, како и да е, флуидноста, богатството на аспекти, плуралноста, не, фиксирање во дискурзивни стереотипи (логоцентризам), уште повеќе (не фиксирање) во машки дискурзивни стереотипи (фалогоцентризам), е големата (освоена) битка на феминистките! Затоа, со право може да се заклучи дека задоволството во *женското писмо*, во смисла на женски ракопис во која било област на дејствување, а не само во книжевноста или ликовната уметност, е образецот и симболот на новите креативни енергии кои сега се само во зачеток. Ако сме отворени кон широкото поле на истражувањето, со отворен ум и срце и со широк видокруг во бекрајните можности кои ги нуди креацијата, ќе се случи таа толку посакувана промена. Нурнување во непознатото е најтешкиот дел од патот, на кој, сепак, веќе има некои ознаки за правецот во кој треба да се движиме. Тоа е вистински начин да се остварат нашите потенцијали, воедно да се достигне духовна полнота и сатисфакција.

**Литература:**


Абаџиева, Соња. 2001. *Длабоко дишење*. Скопје: Скенпоинт.

Sri Aurobindo. 2005. *The Life Divine.* Pondicherry: Sri Aurobindo Ashram Press.

Sri Aurobindo. 1992 . *The Mother.* Pondicherry: Sri Aurobindo Ashram Press.

Sri Aurobindo. 1992. *Dictionary od Sri Aurobindo`s Yoga* (compiled by M.P. Pandit). Twin Lakes, WI.,USD: Lotus Light Publications.

Bahovec , Eva. 2001. Egzistencijalistički feminizam. vo Malojević I. & S.Markov (ur.) *Uvod u rodne teorije.* Novi Sad: Mediteran Publishing.

Бојаџиева, Маја. 2002. Имагинарни жени: излегување од сенката. во К. Колозова (ур.) *Истражувања од областа на родовите студии“ (Зборник- Том 1).* Скопје: Евро-Балкан Прес.

Гешоска, Искра. 2018. Гласот на сенката (1) (оглед за македонската жена). https://okno.mk/node/70295 (пристап 19.03.2018).

Zaharieviċ, Adrijana. 2001. Radikalni feminizam. vo Malojević I. & S.Markov (ur.) *Uvod u rodne teorije.* Novi Sad: Mediteran Publishing.

Иригаре, Лис. 2003. Спекулум на другата жена/ Спекулум: Незаобиколниот волумен, во К.Колозова (ур.) *Хрестоматија на класични текстови од областа на родовата теорија.* Скопје: Евро Балкан прес.

Јакимовска-Тошиќ, Маја. 2017. Женскиот принцип во библискиот и во раскажувачкиот корпус на средновековната македонска литература. во *IX Macedonian-North American Conference on Macedonian Studies,* The University of Chikago, USA, 12-14 November 2015. *Balcanistica* (Volume 30:2).

Јачева – Улчар, Елка. 2002. Третманот на жената во народниот живот и во

народната книжевност на Македонија. во К. Колозова (ур.) *Зборник : Истражувања од областа на родовите студии ( Том 1).* Скопје: Евро –Балкан Пресс.
Камџијаш, Светлана. 2016. Ерос во спиралата меѓу сиромаштијата и изобилието. во *За Љубовта* - Зборник на трудови од Меѓународната научна конференција „За љубовта". Ј.Мојсиева-Гушева & Е.Џукеска (ур.). Скопје: Здружение за компаративна книжевност на Македонија & Здружение на класични филолози „Антика". (https://zkfmantika.wixsite.com/zkfmantika/blog/category/%D0%97%D0%B1%D0%BE%D1%80%D0%BD%D0%B8%D1%86%D0%B8-%D0%BD%D0%B0-%D1%82%D1%80%D1%83%D0%B4%D0%BE%D0%B2%D0%B8-%D0%BE%D0%B4-%D0%BA%D0%BE%D0%BD%D1%84%D0%B5%D1%80%D0%B5%D0%BD%D1%86%D0%B8%D0%B8)
Капра, Фритјоф. 1999.*Тао на физиката.* Прев. Драган Јакимовски. Скопје: Табернакул.
Маљевич, Казимир. 1996. *Бог није збачен.* прев. Петар Ћуковиħ. Подгорица: ALETHEIA.
Мојсиева-Гушева, Јасмина. 2013. Мајчинството како парадигма за безгранична љубов, во *Филолошки студии* 11/2013 Avelable at: http://philologicalstudies.org
Ouspensky, P.D. (Pjotr Dimitrievich). 1922. *Tertium Organum – The third cannon of thought (A key to the enigmas of the world).*
Trans. Nicholas Bessaraboff & Claude Bragdon. 2nd ed. New York: Alfred A. Knopf.
Поп-Дучева, Светлана. *Женските морални искуства како основа на современите етички пристапи во традиционалнатазападна етика.* Докторска дисертација при УКиМ во Скопје.
Popović, Dragana. 2001. Rod i ekologija. vo Malojević I. & S.Markov (ur.) *Uvod u rodne teorije.* Novi Sad: Mediteran Publishing.
Ќулавкова, Катица. 2003. За необичноста на фалусот или женското меѓу илузијата и делузијата, во К.Колозова (ур.) *Хрестоматија на класични текстови од областа на родовата теорија.* Скопје: Евро Балкан прес.